Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Бр. / Nr. 03-604/2
16. 6. 2025 год. / viti

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе

## РЕШЕНИЕ

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted] бр. 03-604/1 од 13.06.2025 година.

## Образложение

На 13.06.2025 година [redacted] до Инспекцискиот совет во е-форма достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-604/1 од 13.06.2025 година, со коешто таа во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена следната информација:

„На ден 12.02.2025 година од моја страна доставена е претставка до Инспекцискиот совет поради изземање од надлежност на Агенцијата за храна и ветеринарство.

На ден 24.02.2025 година, по електронски пат со допис бр.16-62/2025 доставен е одговор по претставка во кој ме известувате дека наведената проблематика, согласно закон, е во надлежност на Агенцијата за храна и ветеринарство и претставката повторно е проследена до АХВ за нивно постапување.

Заклучно со денот на доставување на ова барање, до мене, како подносител на претставката до Агенцијата за храна и ветеринарство не е доставено никакво известување за постапувањето по претставката по која Вие утврдивте стварна надлежност, ниту пак за исходот од постапувањето. За ова Ве известив по електронски пат и на 03.04.2025 година, но не добив никаков повратен одговор од Ваша страна.

За таа цел, Ве молам за следната информација:

1. Дали Инспекцискиот совет има добиено повратна информација за постапувањето и исходот од постапката на Агенцијата за храна и ветеринарство по горенаведената претставка?
2. Доколку нема, Ве молам за информација за тоа какви дејствија преземал Инспекцискиот совет, согласно закон, поради тоа што Агенцијата за храна и ветеринарство одбила да постапи по предмет кој, согласно закон, е во нивна надлежност?

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната

информација да му се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведениот предмет, Ве известуваме дека Инспекцискиот совет сè уште нема добиено повратна информација за постапувањето и исходот од постапката на Агенцијата за храна и ветеринарство по Вашата претставка.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
Сара Николовска

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ - KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје
Shkup

Доставено:
- до барателот на информацијата (на е-адреса)
- во архивата на Инспекцискиот совет

Изработил/а: Маја Срезоска, раководител на Сектор